„Кога ќе умре човекот, неговите дела престануваат, освен во три случаи: трајната садака, знаењето од кое луѓето имаат корист по него или добродетелното дете кое прави дова за него.“

Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Кога ќе умре човекот, неговите дела престануваат, освен во три случаи: трајната садака, знаењето од кое луѓето имаат корист по него или добродетелното дете кое прави дова за него.“
[صحيح] [رواه مسلم]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, известил дека делата на починатиот престануваат со неговата смрт, па така повеќе не му се запишуваат добрите дела, освен во овие три случаи, бидејќи тој бил нивен причинител: 1. Трајната садака која носи постојана награда и не се прекинува, како што се вакафот, градењето џамии, копањето бунари и слично. 2. Знаење од кое луѓето имаат корист, како што е пишувањето корисни книги или поучувањето некого, па тој да го пренесува тоа знаење и по неговата смрт. 3. Добродетелно дете кое е верник, што прави дова за своите родители.

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/65566